

Наце Димов (Атанас Димов Чуповски) (18/31. I. 1876 – 15. VII. 1916) е македонски национален деец и брат на Димитрија Чуповски. Тој е еден од најактивните членови на Македонското научно-литературно другарство во Санкт Петербург. Заедно Д. Чуповски и д-р Г. Константинович, тие се најактивни дејци на Македонската колонија во Санкт Петербург (1912– 1916). Автор на изданието „Историски преглед на Македонија и на Македонците. Причините за појавата на четничкото движење во Македонија. Политички преглед на Македонија и на Македонците“ (1913) и најжесток полемичар на јавните собири и дискусии против ставовите на бугарските и српските претставници во руската престолнина, во заштита на целоста и независноста на Македонија.

Наце Димов е роден на 18/30 јануари 1876 година во селото Папрадиште, Велешко. По убиството на татко му, тој со семејството се преселува во Крушево, а потоа оди на печалба во Бугарија. Во Софија учи во вечерното училиште и влегува во Младата македонска книжовна дружина, т.н. „лозарскиот“ круг на македонските „национални сепаратисти“. Потоа работи на железницата во Варна, а од 1901 година тој е машинист на железницата во Одеса (Русија).

Од 1902 до 1905 година Наце Димов се вклучува во дејноста на Македонското научно-литературно другарство во Санкт Петербург (МНЛД). Со брат му Димитрија Чуповски и д-р Гаврил Константиновиќ пројавува најголема активност во друштвото. Тој изработува програма за формирање македонска национална држава во Македонија и програма за македонската национална култура и јазик. Патува по универзитетските центри во Одеса, Киев, Москва, Петербург, каде бара материјална и морална помош и поддршка од славјанските друштва.

Во февруари 1903 година се вработува како машинист во Петербуршкото железничко депо и исцело му се посветува на македонското дело, поради што во следната година и ја напушта државната служба. За да се издржува, отвора „Европска кафеана“ во Санкт Петербург, но, бидејќи ја претворил во клуб на Македонците и Балканците, речиси банкротирал и одново се вработува како машинист.

Во периодот од 1910 до 1912 година заедно крушевчанецот Марко Атанасов Мушевич–Македонец, кој е повикан од Наце, поднесуваат молба до Светиот синод на Руската православна црква и меморандум до Министерството за надворешни работи за отворање стручно (занаетчиско) училиште со интернат во разурнатиот Житошки манастир, каде ќе се предава на македонски јазик. Наце Димов членува во Санкт Петербуршкото славјанско благотворно друштво, во Друштвото за славјанска заемност и во Галицискоруското друштво.

Непосредно пред Првата балканска војна во 1912 година, Наце Димов станува приватен адвокат. Како угледен граѓанин на руската престолнина, тој учествува во речиси сите собири и дискусии за балканските прашања и се залага за слободата на Македонија. Тој е најжесток полемичар на јавните собири и дискусии против ставовите на бугарските и српските претставници во руската престолнина, во заштита на целоста и независноста на Македонија.

Од 1912 година тој е член-основач на Славјаномакедонското националнопросветно друштво „Св. Кирил и Методиј", а во 1913 година влегува и во Руско-македонското благотворно друштво „Св. Кирил и Методиј". Во текот на Првата балканска војна (1912), кога голем дел од членовите на МНЛД и македонската колонија во Русија заминале како доброволци за Македонија, тој оди во Софија каде делува меѓу македонска емиграција за зачувување на целовитоста и независноста на Македонија.

Наце бил потписник на „Меморандумот за независноста на Македонија", кој Македонската колонија во Петроград го испраќа на 1 март 1913 година до рускиот и британскиот  министер за надворешни работи сер Едвард Греј, како и до амбасадорите до големите сили кои учествуваат на Лондонската конференција за мир. Овој меморандум бил придружуван од нациналната карта на етничка Македонија, која ја испечатил неговиот брат Д. Чуповски.

На 4 март 1913 година (по старо 28. II. 1913 г.), Наце Димов одржал предавање во салата на Петербуршкото славјанско благотворно друштво под наслов „Македонија во минатото, сегашноста и иднината", во кое го изнесува својот став дека доколку не се даде независност на Македонија ќе биде неизбежна нова војна која истовремено ќе ја потресе и Европа. Истото предавање во проширен обем и наслов потоа го отпечатува на руски јазик како посебна брошура  „Историски преглед на Македонија и на Македонците. Причините за појавата на четничкото движење во Македонија. Политички преглед на Македонија и на Македонците",  во која се осврнува и на античка Македонија, цитирајќи го англискиот историчар Јаков Абот за древните Македонци и

нивниот јазик неразбирлив за Грците.

Освен што е потписник на меморандумот на Македонците од 1 март, Наце Димов го потпишува и „Меморандумот на Македонците“ од 7 јуни 1913 година, кој по распарчувањето на Македонија е упатен до владите и до општественото мнение на сојузните балкански држави. Во периодот 1913 – 1914 година тој е член на Редакциониот совет на списанието „Македонски глас“ („Македонскій Голосъ“), кој е весник на Петербуршката македонска колонија и во кој се застапени македонската идеја за создавање независна македонска држава и славјанско братство, со помош на Русија.

Наце Димов е потписник на Меморандумот до рускиот администратор за надворешни работи „Македонија и нејзините очекувања од Русија“ од 15 април 1915 година. Истата година тој е активен член и на Друштвото за помош на почетниците литератори, артисти, уметници и научници на Русија и член на Специјалната комисија на Друштвото за славјанска заемност што ја подготвува сепаратно објавената Резолуција за македонското прашање од 8. VI. 1915 година.

Наскоро се разболува и умира. На надгробниот споменик во петербуршките Бољшеоктенски гробишта уште стојат зборовите што ги напишал неговиот брат Д. Чуповски:

„Македонски деец Наце Димитриевич Димов. Умрен на 15 јули 1916 година, на 40 години од раѓањето. Живееше Тој и се бореше за правото и слободата на македонскиот народ. Умре Тој далеку од крајот роден без да го види слободен“.